**РАКОМЕТНАФЕДЕРАЦИЈАНАМАКЕДОНИЈА**

# ПРОПОЗИЦИИ
# ЗА КУП НАТПРЕВАРИ

ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКА СЕЗОНА 2022/2023

Врз основа на член 34 од Статутот на Ракометна Федерација на Македонија Комисијата за спроведување на натпревари согласно член 2 од Пропозициите за Супер Машка лига, Прва Машка Лига и Женска Лига за натпреварувачка сезона 2022/2023, ги донесе следните:

# ПРОПОЗИЦИИ ЗА КУП НАТПРЕВАРИ

## Член 1

Ракометниот Куп на Македонија е традиционално натпреварување во ракомет, во кој задолжително учествуваат сите ракометни клубови во Македонија кои се натпреваруваат во Супер Машка Ракометна Лига, Женска Ракометна лига и Прва Машка Ракометна Лига, согласно член 2 од Пропозициите од истите лиги за натпреварувачка сезона 2022/2023 година.

Право на настап во Куп и Супер Куп натпреварите за сезона 2022/2023 година имаат сите ракометари/ки, кои имаат право на настап на првенствените натпревари во тековната сезона.

Екипите кои се надвор од системот на натпреварување во сезона 2022/2023 година, можат да пријават учество во Куп натпреварувањето само доколку поседуваат Решение за вршење дејност спорт издадено од Агенција за Млади и Спорт.

## Член 2

Екипите кои учествуваат во Куп за сезона 2022/2023 година се рангирани според пласманот од сезона 2021/2022 година и тоа:

1. РК Вардар 1961
2. РК Еурофарм Пелистер
3. РК Бутел Скопје
4. РК Еурофарм Пелистер 2
5. ГРК Тиквеш 2014
6. ГРК Охрид
7. РК Пролет 62
8. РК Прилеп
9. РК Струга
10. РК Радовиш
11. РК Алкалоид
12. РК Голден Арт
13. РК Јуниор К.В.
14. РК Вардар Неготино
18. РК Младост 1977
19. РК Драчево
20. РК Јехона
21. РК Металург РА
22. РК Македонија Ѓ.П.
23. Астраион Хендбол
24. МРК Борец
25. РК Текстилец
26. РК Кичево 2020
27. РК Преспа 2015
28. РК Шампион
29. РК Партизан 2016
30. РК Бисинов Фруит Ленд
31. ЗРК Годен Арт Аеродром

15. РК Скопје 2020
16. МРК Куманово
17. РК Аеродром
32. РК Мулти Есенс
33. РК Овче Поле 1958

**Член 3**

Во Куп натпреварувањето во машка конкуренција учествуваат вкупно 33 екипи: 16 екипи од Супер Машка Лига и 17 екипи од Прва Машка Лига.

Во првото елиминационо коло ќе играат 16 екипи од Супер Машка Лига (1 сад) и 16 екипи од Прва Машка Лига (2 сад). Бидејки во Првата Машка Лига има 17 екипи, двете моментално последно пласирани екипи од група А и Б, ќе одиграат еден натпревар за да останат 16 екипи во вториот сад. Жребањето за елиминационото коло ќе се изведе на следниот начин:

Во првиот сад ќе бидат ставени екипите пласирани од 1-16 место (согласно пласманот во сезона 2021/2022) а во вториот сад ќе бидат ставени екипите пласирани од 17-32 место (согласно пласманот во сезона 2021/2022 и одигрувањето на натпреварот помеѓу двете моментално последно пласирани екипи од група А и Б во прва лига). Помеѓу сад 1 и сад 2 каде што ќе бидат сместени имињата на екипите ќе биде сад 3 каде што ќе има сместено два броја 1 и 2 (имињата на екипите и бројките ќе бидат ставени во топчиња). Прво се влече екипа од првиот сад, потоа бројка од садот во средина а потоа екипа од вторит сад и така се добива првиот пар. Екипата со помала извлечена бројка ќе биде домаќин на натпреварот. Истата постапка се прави за сите 16 парови за елиминационото коло. Победниците од елиминационите натпревари ќе се пласираат во групната фаза. **Редоследот на 16 екипи победници во елиминационото коло се прави согласно пласманот од сезона 2021/2022 година**. Групната фаза ќе се игра во 4 групи со по 4 екипи. Групите ќе бидат формирани со жреб на следниот начин:.

Во **првиот сад** (носители) ќе бидат екипите рангирани од 1-4 место од 16 екипи победници во елиминационото коло.

Во **вторит сад** ќе бидат екипите рангирани од 5-8 место од 16 екипи победници во елиминациото коло.

Во **третиот сад** ќе бидат екипите рангирани од 9-12 место од 16 екипи победници во елиминациото коло.

Во **четвртиот сад** ќе бидат екипите рангирани од 13-16 место од 16 екипи победници во елиминациото коло.

Во **петтиот сад** ќе бидат ставени бројки од 1 до 4.

Во **шестиот сад** ќе бидат ставени бројки од 1 до 4.

Формирањето на групите се врши на следниот начин:

Од **првиот сад** (носители) се извлекува екипа, потоа од **петтиот сад** за истата екипа се извлекува број во која група ќе биде екипата а потоа од **шестиот сад** се извлекува натпреварувачка бројка (за формирање полуфинални двојки согласно бергеров систем 1/4 и 2/3). Истата постапката се повторува и за останатите 3 екипи. Оваа постапка се применува и за останатите 3 сада редоследно.

Во случај да се пријави организатор на група тогаш полуфиналните натпревари се играат во ист ден претпладне а финалниот натпревар попладне. Организаторот го задржува правото за промена на распоредот на натпреварите. Победниците на групите играат на Ф4 турнирот. Во групите каде што нема организатор, полуфиналните двојки играат еден натпревар (домаќин е екипата со помал број) а во наредниот ден играат победниците од двете полуфинални двојки, домаќин е екипата со помал број).

Победниците од полуфиналните натпревари ќе играат во финалето на КУП. Победникот од финалето е освојувач на КУП.

**Член 4**

Победникот на Купот и шампионот во Супер Лига Мажи за сезона 2022/2023 ќе играат Супер Куп. Во случај да победник на Купот и шампион на Супер Лига Мажи е иста екипа, тогаш во Супер Купот ќе играат шампионот во Супер Лига Мажи и финалистот на Купот.

**Член 5**

Во Купот во женска конкуренција ќе учествуваат 15 екипи. Екипите ќе бидат поделени во 4 групи, согласно пласманот во сезона 2021/2022. Во првите 3 групи ќе има по 4 екипи а во четвртата 3 екипи.

Во **првиот сад** (носители) ќе бидат екипи пласирани од 1-4 место согласно пласманот во сезона 2021/2022.

Ѓорче Петров-ЖРК
ЖРК Куманово
ЖРК Металург
ЖРК Вардар

Во **вториот сад** ќе бидат екипи пласирани од 5-8 место согласно пласманот во сезона 2021/2022.

ЖРК Чаир
ЖРК Стружанка
РК Деспина
ЖРК Пелистер 2012

Во **третиот сад** ќе бидат екипи пласирани од 9-12 место согласно пласманот во сезона 2021/2022.

ЖРК Овче Поле СУ
ЖРК Шампион
ЖРК Гевгелија
ЖРК Астибо

Во **четвртиот сад** ќе бидат екипи пласирани од 13-15 место согласно пласманот во сезона 2021/2022.

РК Спартак
РК Кузман Илинден
ЖРК Скопје

Во **петтиот сад** ќе бидат ставени бројки од 1 до 4.
Во **шестиот сад** ќе бидат ставени бројки од 1 до 4.

Формирањето на групите се врши на следниот начин:

Од **првиот сад** (носители) се извлекува екипа, потоа од **петтиот сад** за истата екипа се извлекува број во која група ќе биде екипата а потоа од **шестиот сад** се извлекува натпреварувачка бројка (формирање полуфинални двојки согласно бергеров систем 1/4 и 2/3). Истата постапката се повторува и за останатите 3 екипи. Оваа постапка се применува и за останатите 3 сада редоследно.

Во случај да се пријави организатор на група тогаш полуфиналните натпревари се играат во ист ден претпладне а финалниот натпревар попладне. Организаторот го задржува правото за промена на распоредот на натпреварите. Победниците на групите играат на Ф4 турнирот. Во групите каде што нема организатор, полуфиналните двојки играат еден натпревар (домаќин е екипата со помал број) а во наредниот ден играат победниците од двете полуфинални двојки, домаќин е екипата со помал број).

Победниците од полуфиналните натпревари ќе играат во финалето на КУП. Победникот од финалето е освојувач на КУП.

**Член 6**

Трошковите за организација на натпревар ги подмирува екипата домаќин.

Ако има организатор на група, тој ги подмирува трошковите за целокупната организација на 3 натпревари и тоа:

- Спортска сала
- Трошкови за организација
- Трошкови за службени лица на натпреварите

Екипите сами ги сносат трошковите за хотел-сместување и патните трошкови.

**Член 7**

На сите натпревари од Купот во машка и женска конкуренција ќе се води електронски записник а клубот домаќин/организаторот на група е обврзан да има Live Stream од натпреварите.

**Член 8**

Сите натпревари од Купот се играат по меѓународни (ИХФ) правила на ракометната игра, нормативните акти на РФМ и позитивните законски прописи. Екипите пред натпреварот во записникот може да внесат најмногу 16 ракометари/ки, а минимум 10 ракометари/ки. Во случај да една од екипите не пријави 10 ракометари/ки пред натпреварот, натпреварот нема да се одигра и ќе биде регистриран со службен резултат 10:0 за противничката екипа.

Во случај да натпревар од Купот заврши со нерешен резултат, победникот се добива директно со изведување на седмерци. Седмерците се изведуваат на начин опишан во правилата на ракометна игра (ИХФ), правило 2 (коментар)

**Член 9**

За спроведување на Куп Пропозициите важат и одредбите односно актите на Регистрациониот правилник, Дисциплинскиот правилник, Правилата на ракометна игра, Правилник за организација и спроведување на ракометни натпревари, Пропозиции за сезона 2022/2023 на РФМ, Нормативните акти на РФМ како и Законот за спорт и позитивните законски прописи.

Комисија за спроведување натпревари
Претседател,
Александар Велковски